Врз основа на член.45ст.1, 2 и 3 од Законот за административни службеници(СЛ.Весник на Р.М бр.27/14,199/14,48/15,154/15,05/16,142/16 и 11/08) и Службен Весник на РСМ "број 275/19 и 14/20, 215/2021 и 99/2022) и чл.50 ст.1 точка 14 од Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на Р.М БР.05/02)чл.36 од Статутот на Општина Лозово (СЛ.Гласник на Општина Лозово бр.02/05,29/14и73/17) и Правилник за Систематизација на работни места во Општина Лозово бр.0101-1330/1 од 06.10.2020год,Правилник бр 0101-377/1 од 24.02.2021год. за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Лозово, Правилник бр.0101-2233/1 од 17.12.2021год. за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Лозово, Правилник бр.0101-1971/1 од 13.12.2024 год. за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Општина Лозово, Правилникот бр.0101-100/1 од 17.01.2025 год. за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Лозово и Измена на Годишен план за вработување бр.0801-149/1 од 26.01.2026 Градоначалникот на Општина Лозово на ден 21.04.2026 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0401-337/17
21.04 2026 год.
ЛОЗОВО

# ОДЛУКА

За вршење на избор на 1(еден)извршител-кандидат административен службеник по јавен оглас бр 169/2026-01 за работно место УПР 01 01 Б04 000, звање Раководител на одделение, назив на работно место Раководител на одделение за човечки ресурси, Одделение за човечки ресурси.

1)СЕ ИЗБИРА Стојан Пешевски со адреса на живеење с.Каратманово Лозово, идентификациски код B3F04AC за за вработување на административен службеник по Јавен оглас 169/2026-01 објавен во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха како и на веб страната на агенција за администрација на работно место: УПР 01 01 Б04 000, Раководител на одделение за човечки ресурси.

2)По конечноста на оваа одлука и завршувањето на постапката ќе се донесе соодветно Решение за вработување на избраниот кандидат.

3)Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласна табла на агенција за Администрација.

4)Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Од страна на Општина Лозово,поднесено е барање бр.0401-337/11 од 19.02.2026 година до Агенција за администрација за објавување на јавен оглас за вработување во Општина Лозово. Агенција за администрација изврши објава на јавен оглас број 169/2026-01 објавен на ден 06.03.2026год. во дневните весници Нова Македонија, Слободен Печат и Коха како и на веб страната на агенција за администрација за работно место: УПР 01 01 Б04 000, Раководител на одделение за човечки ресурси.

Со решение бр:10-741/3 од 13.03.2026 година е формирана комисија за селекција за вработување по Јавен оглас од страна на Директорот на агенција за администрација. Комисија за селекција спроведе административна селекија, констатирана со записник бр.10-741/4 од 24.03.2026год. спроведе испит за административен службеник, констатирано со записник бр.10-741/6 од 08.04.2026, спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, Записник бр.10-741/7 од 16.04.2026год. По ова до Општина Лозово на ден 21.04.2025год. доставена е Конечна ранг листа од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати за ова работно место бр.10-741/9.

Имајќи го во предвид погоре наведеното Градоначалникот на Општина Лозово се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:Против Одлуката за избор,незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција во рок од 8(осум) дена од денот на објавувањето на интернет страницата и огласна табла на Агенција за администрација.

**Општина Лозово**
**Градоначалник**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО

**Бошко Цветковски**